Врз основа на член 22, став 1, алинеја 16 и член 41 од Законот за енергетика(„Службен весник на РМ“ бр.16/11 и број 136/11) и на член 20,21 и 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности(Сл. Весник на РМ 143/11), Друштво за производство, трговија и услуги ГЕО СОЛАР ДОО увоз-извоз Делчево, со седиште на ул.Булевар Македонија бб, Делчево, на 11.01.2012 година го објавува следното:

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Се известува јавноста дека Друштво за производство, трговија и услуги ГЕО СОЛАР ДОО увоз-извоз Делчево на ден 16.12.2011 година достави „Барање за издавање лиценца за вршење на енергетска дејност“ за дејност: производство на енергија од обновливи енергетски извори до Регулаторна Комисија за енергетика на Република Македонија

**Назив на Барателот:**

Друштво за производство, трговија и услуги ГЕО СОЛАР ДОО увоз-извоз Делчево со седиште на ул.Булевар Македонија бб, Делчево, Република Македонија.

**Вид на енергетска дејност:**

Производство на електрична енергија

**Подрачје каде ќе се врши дејноста:**

Дејноста ќе се врши во Катастарска Општина Град, Општина Делчево. Парцелите се заведени на имотен лист 621 и 1230 со овие податоци: ГП број 2.1, блок Б-2, КП број 4039/2 и КП број 4039/5 Катастарска Општина Град, во стопански комплекс Пилана, Општина Делчево, Република Македонија

**Опис на начинот, објектите и средства за вршење на дејноста:**

Друштво за производство, трговија и услуги ГЕО СОЛАР ДОО увоз-извоз Делчево, ќе произведува електрична енергија од фотоволтаична централа, а истата ќе биде во владение на барателот на лиценцата во Општина Делчево, с.Град.

Произведената електрична енергија преку инверторски систем ќе биде предадена на дистрибутивниот систем на ЕВН на напонско ниво од 0,4 KV. Инсталираната моќност на фотоволтаичниот систем е 49,82 KW.

**Времетраење на лиценцата:**

Во согласност со член 37, став 3 од Законот за енергетика и член 7, став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности барателот бара лиценца со времетраење 35 години.

**<u>Рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со Барањето за издавање лиценца:</u>**

Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да доставaт до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија мислења и предлози во врска со Барањето во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на Известувањето за барањето во дневниот печат.

**Адреса на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија:**

ул.Димитрие Чуповски бр.2, 4-ти спрат, 1000 Скопје, Република Македонија.

**Гео Солар доо - Делчево**